**Закон за буџетите**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр. 64/05, бр. 4/08,**
**бр. 103/08, бр. 156/09, бр. 95/10, бр. 180/11, бр. 171/13,**
**бр. 192/15 и бр. 167/16 )**

**Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници**
**(„Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2002, 98/2002, 81/2005,**
**24/2011, 145/2015, 17/2017)**

**Упатство за начин на трезорско работење**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр. 183/13)**

**1. Со судскиот буџет се финансираат:**

а) Судовите, Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители
б) само судовите
в) судовите и министерство за правда

**2. За вршење на работите во врска со судскиот буџет се основа:**

а) Судски буџетски совет
б) Буџетски совет
в) Буџетски совет на Република Македонија

**3. Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши:**

а) Стручната служба на Судскиот буџетски совет
б) Стручно одделение на Судскиот Буџетски совет
в) Стручен оддел на Судски буџетски совет

**4. Судскиот буџетски совет го сочинуваат:**

а) Претседател и десет члена
б) Претседател и шест члена
в) Претседател и дванаесет члена

**5. Претседател на Судскиот буџетски совет е:**

а) Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија
б) Претседател на Врховниот суд на Република Македонија
в) Министерот за правда

**6. Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии:**

а) без право на одлучување
б) со право да одлучуваат.
в) со право да одлучуват за одредени прашања согласно законот.

**7. Буџетскиот циркулар изготвен од судовите се доставува до:**

а) Судскиот буџетски совет
б) Стручната служба на Судски буџетски совет
в) Министерство за финансии

**8. Судскиот буџет е:**

а) дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со "Судска власт"
б) самостоен и независен буџет
в) независен буџет означен како „судска власт“

**9. Кој ги одобрува средства за нови вработувања во судовите и на единките корисници во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;**

а) Судски буџетски совет
б) Министерство за финансии
в) Стручна служба на судски буџетски совет

**10. Кој врши распределба на средствата од судскиот буџет на единките корисници и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет:**

а) Министерство за финансии
б) Министерство за правда
в) Судски буџетски совет

**11. Внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во судовите врши внатрешен ревизор назначен од:**

а) Судскиот буџетски совет
б) Министерство за финасии
в) Државен завод за ревизија

**12 Каков е статусот на судовите во Буџетот на Република Македонија?**

а) самостојни буџетски корисници
б) единки корисници во рамките на буџетски корисник
в) органи во состав на Министерство за финансии

**13. Капиталните инвестиции за судовите се финансираат од:**

а) Министерството за правда
б) Министерството за финансии
в) Судски Буџетски совет

**16. Дали постои законски пропис во Република Македонија со кој се уредува начинот и постапката за вршење на јавните набавки кај буџетските корисници?**

а) Не постои
б) Постои
в) Се применува само Уредба за јавни набавки

**17. Кои сметководствени стандарди важат за буџетските корисници?**

а) Меѓународните сметководтвени стандарди за јавен сектор
б) Меѓународните сметководтвени стандарди за приватен сектор
в) Не се применуваат меѓународните сметководтвени стандарди

**18. Деловните книги (дневникот и главната книга) се чуваат:**

а) Најмалку една година
б) Најмалку пет години
в) Најмалку десет години

**19. Неискористените одобрени средства од Буџетот на Република Македонија престануваат да важат до:**

а) 31.12 во тековната фискална година
б) 30.06. во тековната фискална година
в) Се пренесуваат во наредната фискална година

**20. Благајнички извештај претставува:**

а) Книга на евиденција на готовински испалти
б) Евиденција на расходи по фактури
в) Книга на излезни фактури

**21. На кои средства се пресметува ревалоризација?**

а) На ситен инвентар
б) На капителни средства
в) На инвестиции во тек

**22. Признавањето на приходите и расходите на буџетските корисници се спроведуваат според:**

а) Сметководственото начело на модифицирано искажување
б) Сметководственото начело на селективно искажување
в) Сметководственото начело на парично искажување

**23. Кога започнува амортизацијата кај основните средства?**

а) Веднаш со ставање во употреба
б) Од првиот ден на наредниот месец по користењето на средството
в) Од наредната фискална година

**24. За кои жиро сметки буџетските корисници и единките корисници задолжително изготвуваат годишни сметки?**

а) За буџетската сметка
б) За сметките од сопствени приходи
в) За сите сметки со кои располага буџетскиот корисник /единката на буџетски корисник

**25. Формата и начинот на водење на деловните книги на буџетите и буџетските корисници ја пропишува:**

а) Министерот за финансии
б) Судскиот Буџетски совет
в) Самиот субјект

**26. Одобрени средства со буџетот претствауваат:**

а) Минимален износ на право на трошење
б) Максимален износ на право на трошење
в) Потребен износ на право на трошење

**27. Сметките 603 и 631 во рамките на Трезорската сметка се:**

а) Сметки на буџет на заеми
б) Сметки на основен буџет
в) Сметки на буџет на фондови

**28. Барање за плаќање кон сметки во рамки на трезорската сметка (плаќање на даноци, придонеси и други јавни давачки на буџетските корисници, плаќања меѓу буџетските корисници или меѓу сметки на ист буџетски корисник) е:**

а) Образец 50
б) Образец 60
в) Образец 70

**29. Буџетските корисници ги пријавуваат преземените обврски за тековната година или повеќегодишни обрски чиј износ е:**

а) Еднаков или поголем од 350.000 денари
б) Еднаков или поголем од 370.000 денари
в) Еднаков или поголем од 400.000 денари

**30. Евидентирање на пријавување, промена и одјава на на преземени обрски од тековната година се врши со образецот:**

а) О1
б) ПО1
в) ППД

**31. Буџетски дефицит е:**

а) Позитивна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи
б) Негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи
в) Баланс меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи

**32. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавка е пониска од 100 евра во денарска противвредност се класифицира како:**

а) Основно сресво и се пресметува амортизација
б) Расход и се отпишува еднократно
в) Не е пропишано со закон

**33. Буџетски циркулар е:**

а) Форма на барање за потребните и проектираните трошоци во наредната година
б) Упатство за користење на одобрените буџетски средства
в) Стратешки план на буџетскиот корисник

**34. Барањата за плаќање на девизни трансакции до трезорот на Република Македонија се доставуваат најдоцна до:**

а) 14:00 и се извршуваат наредниот ден
б) 12:30 и се извршуваат наредниот ден
в) 10:30 и се извршуваат истиот ден